ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-188/1
30.11 20 21 год.
ОХРИД

**До**
**Членовите на Советот за развој на**
**ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион**

Градоначалникот на Општина Вевчани, г. Спасе Кочовски
Градоначалникот на Општина Дебар, г. Хекуран Дука
Градоначалникот на Општина Дебрца, г. Зоран Ногачески
Градоначалникот на Општина Кичево, г. Фатмир Дехари
Градоначалникот на Општина Македонски Брод, г. Жарко Ристески
Градоначалникот на Општина Охрид, г. Кирил Пецаков
Градоначалникот на Општина Пласница, г. Алија Јаоски
Градоначалникот на Општина Струга, г. Рамиз Мерко
Повереник на Влада за Општина Центар Жупа, г. Аријан Ибраим

**ПРЕДМЕТ: Покана за конститутивна седница и прва редовна седница на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион**

Почитувани Градоначалници,

Согласно надлежностите на Советот за развој на планскиот регион, пропишани во Законот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија и делокругот на работа на Советот, Ве покануваме на конститутивната седница и на првата редовна седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион.

Седниците ќе се одржат на **03.12.2021** година (петок), во салата на Совет на Општина Струга, со почеток во **11** часот.

Во прилог Ви доставуваме Дневен ред за седниците и работни материјали во електронска форма.

Ве молиме за Ваше присуство со оглед на важноста на точките кои се на Дневен ред на расправа.

Однапред Ви благодариме за разбирањето и соработката.

Со почит,

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Градоначалник на Општина Струга

д-р Рамис Мерко, с.р.

Струга, 30.11.2021 год.

ул. Владо Малески Тале бр.1/5, Пф 27, 6330 Струга
Тел +389 46 701 005 Факс: 046 701 055
E-mail: CRJ@southwestregion.mk
www.southwestregion.mk

Врз основа на членот 21 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија („Службен Весник на РСМ„ бр.24/21 и 174/21), и врз основа на член 3 став 1 од Деловникот за работа на Советот за развој на Југозападниот плански регион, ја свикувам конститутивната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион, со следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- усвојување на записникот од претходната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион

1. Верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Југозападниот плански регион.
2. Избор на Претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион.
3. Разно

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Градоначалник на Општина Струга,
д-р Рамис Мерко, с.р.

Струга, 30.11.2021 г.

Врз основа на членот 22, 23 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија („Службен Весник на РСМ„ бр.24/21 и 174/21), и врз основа на член 2 и член 5 од Деловникот за работа на Советот за развој на Југозападниот плански регион, ја свикувам првата седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион, со следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на Финансискиот план на Центарот за развој на ЈЗПР за 2022 година.
2. Предлог одлука – Одлука за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на ЈЗПР за 2022 година.
3. Предлог одлука и Одлука за овластување на Претседателот на Советот за развој на ЈЗПР за распишување Јавен повик за избор на член-претставник во Советот за развој на ЈЗПР од здруженијата на ниво на регион и за номинирање на член-претставник од Бизнис заедницата од планскиот регион.
4. Формирање на Комисија за избор на член-претставник во Советот за развој на ЈЗПР од здруженијата на ниво на регион.
5. Предлог-одлука и Одлука за организација на стручната служба на Центарот за развој на ЈЗПР.
6. Информација во врска со регионалните проекти со кои Центарот за развој на ЈЗПР аплицираше до Бирото за регионален развој за 2021 и 2022 година.
7. Предлог одлука – Одлука за преотстапување на работи и стоки извршени во Центар за физикална терапија „Св.Еразмо“
8. Разно

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Градоначалник на Општина Струга,
д-р Рамис Мерко, с.р.

Струга, 30.11.2021 г.